Врз основа на член 20, став 2 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности („Службен весник на РМ" бр. 143/11; 78/2013; 33/2015 и 207/2016), Друштво за производство трговија и услуги МХЕ Тополки ДОО Скопје со седиште на бул. Свети Климент Охридски 30 Скопје го објавува следното:

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Се известува јавноста дека Друштвото за производство трговија и услуги МХЕ Тополки ДОО Скопје на ден 24.01.2019 година поднесе Барање за издавање на лиценца за производство на електрична енергија до РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ на РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.

**Назив на барателот**
Друштво за производство трговија и услуги МХЕ Тополки ДОО Скопје, бул. Свети Климент Охридски 30 Скопје.

**Вид на енергетска дејност**
Производство на електрична енергија од обновливи извори од мала хидро електрана.

**Подрачје на кое ќе се врши дејноста**
Енергетска дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија МХЕ Тополки ДОО Скопје ќе ја врши на локацијата (каде е лоцирана машинската зграда) К.П. бр. 855/15, КП.бр. 855/16, КП.бр.855/17 и дел од КП бр. 764/1 со вкупна површина од 2752м2, К.О. Дреново, Република Македонија.

**Опис на начинот, објектите и средствата за вршење на дејноста**
Друштво за производство трговија и услуги МХЕ Тополки ДОО Скопје, бул. Свети Климент Охридски 30 Скопје ќе произведува електрична енергија во малата хидро електрана „Тополка" со реф. бр. 317 со инсталирана моќност од 1989 kW, произведената електрична енергија ќе се испорачува во дистрибутивната мрежа на ЕВН.

**Времетраење на лиценцата**
Друштво за производство трговија и услуги МХЕ Тополки ДОО Скопје, бул. Свети Климент Охридски 30 Скопје, бара времетраењето на лиценцата да изнесува 35 години.

**Начин и краен рок за доставување на предлози, мислења и сугестии во врска со барањето за издавање на лиценцата:**
Заинтересираните правни и физички лица можат по писмен пат да достават до РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ на РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, мислења и предлози во врска со поднесеното барање за издавање на лиценца во рок од 5 дена од денот на објавување на известувањето за барање во дневниот печат.

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ на РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Ул. Македонија б.б. – „Палата Лазар Поп – Трајков" - 6-ти кат, 1000 - Скопје, Република Македонија**

**МХЕ Тополки ДОО Скопје**
**Ул. Булевар Св. Климент Охридски бр. 30**
**Скопје – Република Македонија**